РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Основно училиште
СТИВ НАУМОВ
БР 03-116/2
7.6. 2024 год.
БИТОЛА

# СЛОБОДНИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Природните убавини на мојата татковина** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Слободен изборен предмет |
| **Одделение** | IV (четврто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | 1.Планини во РСМ<br>2.Реки во РСМ<br>3.Езера во РСМ<br>4.Национални паркови во РСМ<br>5.Туристички центри во РСМ<br>6.Еко-свест за заштита на природните убавини на РСМ |
| **Број на часови** | 1 час неделно/ 36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | *Фотографии, илустрации, списанија, весници, книги и сл. за поддршка насодржините/активностите поврзани со темата.<br>* аудио-визуелни презентации, компјутер,интернет, проектор.<br>*Географска карта на РСМ. |
| **Програмата ја изработи** | Зоре Ѓоргиевска |
| **Учебна година** | 2024/2025 |
| **Училиште** | ООУ „Стив Наумов“ - Битола |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето Математика и природни науки од Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| **Ученикот/ученичката знае и/или умее** | |
| III -А.28 | да ги користи основните научни сознанија за да го објаснува природниот свет, |
| III -А.33 | да истражува и да дискутира за влијанието на науката, технологијата и активностите на човекот врз животната средина, |
| III -А.51 | да ја објаснува интеракцијата меѓу човекот и животната средина и да ги идентификува позитивните и негативните влијанија на човекот врз животната средина, |
| **Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:** | |
| III- Б.6 | природните ресурси на Земјата се ограничени и нивното неодговорно искористување влијае на квалитетот на |

806/1
Архивски знак.
Рок на чување.
20 ___ год.
Потпис,

| | |
|---|---|
| | животот, |
| III -Б.8 | секоја индивидуа е одговорна за зачувување на природната средина во непосредното опкружување и пошироко и дека треба да развива еколошка свест и да делува во насока на заштита и одржливост на животната средина. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции и од подрачјата: Јазична писменост, Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура и Техника, технологија и претприемништво

| **Ученикот/ученичката знае и/или умее:** | |
|---|---|
| IV -А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини |
| V -А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување, |
| V -А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина, |
| V- А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин |
| V -А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите |
| V -А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите, |
| V -А.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење, |
| VI- А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги неслушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува, |
| VII -А.1 | да ги поврзува сознанијата од науките со нивната примена во техниката и технологијата и во секојдневниот живот |
| VII -А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот |
| **Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:** | |
| IV -Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава, |
| V -Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува, |
| VI -Б.9 | секој граѓанин треба да презема одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот, |
| VI -Б.10 | познавањето на историјата и географијата овозможува подобро разбирање на светот во кој живееме, |

| | |
|---|---|
| VII -Б.5 | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат. |

РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

<table>
<tr><td colspan="2">Тема 1: Планини во РСМ<br>Вкупно часови : 6</td></tr>
<tr><td colspan="2">Знаења/вештини<br>*Ги знае најблиските планини до местото на живеење и ги именува<br>*Ги наведува трите највисоки планини во РСМ според висината и ги покажува на географската карта на РСМ<br>*Сфаќа дека планината е животна средина за многу растенија и животни<br>*Разбира дека планините се многу важни и значајни за квалитетот на воздухот кој го дишеме<br>*Сфаќа дека е важно да се грижиме за шумите, планините и воопшто природата<br>*Умее да се ориентира додека се движи во планина или шума</td></tr>
<tr><td colspan="2">Ставови/вредности<br>*Го осудува неетичкиот однос кон природата (кон растенијата и животните), дивата сеча на дрва и намерно подметнување на пожари<br>*Се залага за зачувување на разновидноста на растителниот и животинскиот свет во планините<br>*Поддржува еколошки активности за пошумување на шумите</td></tr>
<tr><td>Содржини(и поими)</td><td>Примери за активности:</td></tr>
<tr><td>*Планини во РСМ<br>(Шар Планина, Кораб, Баба Планина, Галичица, Беласица, Кожуф, Ниџе, Огражден и др.)<br><br>2 часа</td><td>*Учениците ги наоѓаат на географска карта планините и откриваат со каква боја се претставени, објаснуваат зошто.<br>*Поделени во групи на интернет пребаруваат слики за одредена планина, запишуваат одредени податоци и изработуваат плакат.<br>*Презентација. Откриените податоци и информации ги чита секоја група со цел да се информираат сите ученици.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| ***Растителен свет што го има во нашите планини (зимзелени дрвја, бор, елка, ела, листопадни дрвја, костен, липа, јасика, даб, бука, цвеќиња, смреки, боровинки, капинки, папрат, печурки и др.)**<br><br>**2 часа** | *Учениците проследуваат презентација на видео бим и се запознаваат со листопадните и зимзелените дрвја кои можат да се сретнат во нашите планини.<br>*Учениците се запознаваат со целосниот растителен свет , исто така сфаќаат дека можат да берат и плодови од шумата.<br>*Учениците откриваат и посебни видови на дрвја што ги има само кај нас како што е моликата, редок вид на бор што вирее на Пелистер.<br>*Учениците ги разбираат опасностите од пожар и нерационална сеча на дрва. Се поттикнуваат да ја развијат еколошката свест, да учествуваат во еколошки активности како што е на пример пошумувањето.<br>*Учениците изготвуваат албум со сликички од дрвја, растенија, цвеќиња. |
| ***Животински свет што го има во нашите планини (волк, мечка, зајак, лисица, еж, срна, елен, рис , дива свиња, був, орел, сокол и др.)**<br><br>**2 часа** | *Учениците проследуваат презентација на видео бим и се запознаваат со дивите животни и птици кои можат да се сретнат во нашите планини.<br>*Учениците се запознаваат со целосниот животински свет , исто така сфаќаат дека можат да се ловат животни во шумата.<br>*Учениците откриваат и посебни видови на животни што ги има само кај нас како што е рисот кој може да се сретне Маврово и на Пелистер. Овој вид на животно скоро и да го нема.<br>*Учениците ги разбираат опасностите од истребување на животинскиот свет со неразумно ловење на животни.<br>*Учениците развиваат хуман однос и сфаќаат дека треба во текот на зимата да им се помага на овие животни со храна, изработка на куќички за птиците и сл.<br>*Учениците изготвуваат постер со слики од диви животни и птици. |

| |
|---|
| **Тема 2: Реки во РСМ**<br>Вкупно часови : 6 |
| **Знаења/вештини**<br>*Ги знае најблиските реки до местото на живеење и ги именува<br>*Ги наведува трите најголеми реки во РСМ и ги покажува на географската карта на РСМ<br>*Сфаќа дека реката е животна средина за многу растенија и животни<br>*Разбира дека реките се многу важни и значајни за наводнување, за питка вода и сл.<br>*Сфаќа дека е важно да се грижиме за чистотата на водата во реките |
| **Ставови/вредности**<br>*Го осудува неетичкиот однос кон природата, загадување на реките и неконтролиран риболов<br>*Се залага за зачувување на разновидноста на растителниот и животинскиот свет во реките<br>*Поддржува еколошки активности за чистење на речните корита |

| Содржини(и поими) | Примери за активности: |
|---|---|
| ***Реки во РСМ<br>(Вардар, Треска, Црна Река, Црн Дрим, Брегалница, Драгор и др.)<br><br>2 часа** | *Учениците ги наоѓаат на географска карта реките и откриваат со каква боја се претставени, објаснуваат зошто.<br>*Поделени во групи на интернет пребаруваат слики за одредена реки, запишуваат одредени податоци и изработуваат плакат.<br>*Презентација. Откриените податоци и информации ги чита секоја група со цел да се информираат сите ученици. |
| ***Животински свет што го има во нашите реки<br>(пастрмка, крап, клен, штука, црвеноперка, ракчиња и др.)<br><br>2 часа** | *Учениците проследуваат презентација на видео бим и се запознаваат со рибите кои можат да се сретнат во нашите реки.<br>*Учениците се запознаваат со целосниот животински свет , исто така сфаќаат дека можат да се ловат риби во реките.<br>*Учениците ги разбираат опасностите од истребување на животинскиот свет со неразумно ловење на риби.<br>*Учениците развиваат хуман однос и сфаќаат дека треба да се порибуваат реките за да се одржи животинскиот свет.<br>*Учениците изготвуваат постер со слики од риби кои живеат во македонските реки. |
| ***Изворот на најголемата река Вардар – Врутoк, Вевчански извори и Смоларски водопади<br><br>2 часа** | *Учениците на географската карта ги пронаоѓаат сите наведените географски поими кои се многу значајни за нашата татковина<br>*Учениците на интернет пребаруваат податоци, ги запишуваат податоците и креираат извештај кој го презентираат<br>*Доколку се создадат услови би можело да се посетат Вевчанските извори |

| Тема 3: Езера во РСМ<br>Вкупно часови : 5 | |
|---|---|
| **Знаења/вештини**<br>*Ги наведува трите најголеми реки во РСМ и ги покажува на географската карта на РСМ<br>*Сфаќа дека езерото е животна средина за многу растенија и животни<br>*Разбира дека езерата се многу важни и значајни за наводнување, за питка вода и сл.<br>*Сфаќа дека е важно да се грижиме за чистотата на водата во реките | |
| **Ставови/вредности**<br>*Го осудува неетичкиот однос кон природата, загадување на реките и неконтролиран риболов<br>*Се залага за зачувување на разновидноста на растителниот и животинскиот свет во реките<br>*Поддржува еколошки активности за чистење на речните корита | |
| **Содржини(и поими)** | **Примери за активности:** |
| ***Езера во РСМ**<br>**(природни езера, вештачки езера, Охридско Езеро, Преспанско Езеро, Дојранско Езеро, Мавровско Езеро, Тиквешко Езеро, Пелистерски очи и др.)**<br><br>**3 часа** | *Учениците ги наоѓаат на географска карта езерата и откриваат со каква боја се претставени, објаснуваат зошто. Ја опишуваат местоположбата.<br>*Поделени во групи на интернет пребаруваат слики за одредено езеро, запишуваат одредени податоци и изработуваат плакат.<br>*Учениците (поделени во групи) прават книги под наслов „Ја сакам мојата земја“. Секоја група, за секоја од следните теми прави истражување на интернет (може да користат и Google Earth), избираат фотографии за книгата и пишуваат сосема куси текстови според следните барања: 1.За Охридското,2. Преспанското и 3.Дојранското Езеро пишуваат кус текст во кој ги споредува по големина, ги илустрираат со фотографии и на нема карта на РСМ ги обојуваат со фломастери.. |
| ***Животински и растителен свет што го има во нашите езера**<br>**(пастрмка, крап, белвица, јагула, сом, водни змии,трска, алги, корморан, галеб и др .)**<br><br>**2 часа** | *Учениците проследуваат презентација на видео бим, сфаќаат дека постојат природни но и вештачки езера, и се запознаваат со рибите кои можат да се сретнат во нашите езера.<br>*Учениците се запознаваат со целосниот животински и растителен свет , исто така сфаќаат дека можат да се ловат риби во езерата. Исто така добиваат информација дека одредени птици живеат покрај езерската вода и се хранат со риби како што се корморанитe и галебите .<br>*Учениците разликуваат природни од вештачки езера и ја знаат намената на вештачките езера.(Во наша близина е Стрежевското езеро и дискутираме на таа тема).<br>*Учениците ги разбираат опасностите од истребување на животинскиот свет со |

| | |
|---|---|
| | неразумно ловење на риби.<br>*Учениците развиваат хуман однос и сфаќаат дека треба да се порибуваат езерата за да се одржи животинскиот свет.<br>*Учениците изготвуваат постер со слики од риби кои живеат во македонските езера. |

| | |
|---|---|
| **Тема 4: Национални паркови во РСМ**<br>Вкупно часови : 5 | |
| **Знаења/вештини**<br>*Ги наведува националните паркови во РСМ и ги покажува на географската карта на РСМ<br>*Сфаќа дека националните паркови се животна средина за многу ретки видови на растенија и животни<br>*Разбира дека националните паркови се многу важни и значајни за нашата татковина<br>*Сфаќа дека е многу важно да се грижиме за националните паркови да не ја изгубат својата убавина, реткост и автентичност | |
| **Ставови/вредности**<br>*Го осудува неетичкиот однос кон природата, нејзиното уништување и загадување<br>*Се залага за зачувување на разновидноста на растителниот и животинскиот свет во националните паркови<br>*Поддржува еколошки активности за подигнување на еколошката свест кај секој посетител на националните паркови | |
| **Содржини(и поими)** | **Примери за активности:** |
| ***Национални паркови во РСМ (Пелистер, Маврово, Галичица, Шар Планина и др.)**<br><br>**3 часа** | * Учениците ги наведуваат националните паркови во РСМ, ги покажуваат на карта иобјаснува зошто се прогласени за национални паркови.<br>*Поделени во групи на интернет пребаруваат слики за одреден национален парк, запишуваат одредени податоци и изработуваат плакат.<br>*Учениците пишуваат состав за најстариот национален парк кој е најблиску до Битола а тоа е Пелистер. |

| | |
|---|---|
| ***Важноста на националните паркови (убавина, чист воздух, ретки видови на животни и растенија, национално богатство)**<br><br>**2 часа** | * Учениците проследуваат видео презентација за националните паркови на која се претставени посебните убавини кои ги поседуваат.<br>*Учениците се поделени во групи и изработуваат брошура на која се претставени посебностите на националните паркови. Организираат мини изложба и ги презентираат брошурите. |

| | |
|---|---|
| **Тема 5: Туристички центри и атракции во РСМ**<br>Вкупно часови : 10 | |
| **Знаења/вештини**<br>*Ги наведува најголеми најголемите туристички центри во РСМ и ги покажува на географската карта на РСМ<br>*Сфаќа дека РСМ изобилува со туристички атракции кои вредат да се посетат<br>*Разбира дека туризмот е многу важна и значајна гранка во РСМ<br>*Сфаќа дека е важно да ги промовираме туристичките атракции на нашата татковина | |
| **Ставови/вредности**<br>*Го осудува неетичкиот однос кон природното богатство, археолошките наоѓалишта, историски артефакти , цркви, манастири<br>*Се залага за зачувување на природните и архелошките богатства<br>*Поддржува промовирање на природните богатства со цел развој на туризмот | |
| **Содржини(и поими)** | **Примери за активности:** |
| ***Езерски туризам**<br>**(познати летувалишта, плажи и сл.)**<br><br>**2 часа** | * Учениците ги наведуваат природните езера и познати летувалишта (Охридска ривиера, Свети Стефан, Пештани, Дојран, Преспа и др.)<br>*Поделени во групи на интернет пребаруваат слики за одредени летувалишта, плажи и сл.<br>*Учениците пишуваат состав по сопствено доживување за посета на некое познато летно одморалиште |

| | |
|---|---|
| ***Планински туризам**<br>**(зимски ски- центри, знаменитости и сл.)**<br><br>**2 часа** | * Учениците проследуваат видео презентација за најпознатите ски-центри во РСМ(Маврово, Шар планина, Пелистер и секако Нижеполе) на која се претставени посебните убавини кои ги поседуваат.<br>*Посета на Пелистер (Голема ливада), следење на предавање во природа за Бегова чешма, езерата Пелистерски очи и сл.<br>*Изработка на брошура за планинските знаменитости и убавини со помош на компјутерски технологии и вештини |
| ***Рурален туризам**<br>**(селски туризам, автентични јадења и сл.)**<br><br>**2 часа** | * Учениците набројуваат неколку локални села кои припаѓаат на општина Битола а кои ги посетиле (Трново, Дихово, Бистрица, Нижеполе и др.)<br>*Учениците се поделени во групи и изработуваат брошува на која се претставени посебностите на руралниот туризам (начин на живот, автентични јадења, градинарско одгледување на зеленчук и овошје, одгледување на домашни животни и сл.) Организираат мини изложба и ги презентираат брошурите. |
| ***Манастири, цркви, џамии и археолошки локалитети**<br>**(Св.Јован Бигорски, Св.Наум, Плаошник, Св.Софија, Рајчица, Зрзе, Св.Димитрија, Шарената џамија, Хераклеа, Стоби и сл.)**<br><br>**4 час** | * Учениците проследуваат видео презентација за најпознатите и најзначајните цркви и манастири. Образложение за нивната важност и значајност. (Плаошник, Св.Јован Бигорски и др.)<br>*Учениците проследуваат видео презентација за најпознатите и најзначајните џамии кои датираат од времето на Османлиската империја. Образложение за нивната важност и значајност. (Шарената џамија во Тетово, Исак џамија, Јени џамија во Битола и др.). *Посета на џамиите во Битола<br>*Посета на археолошкиот локалитет Хераклеа и запознавање со нејзината историска важност за нашето вековно постоење |

| |
|---|
| **Тема 6:** Еко-свест за заштита на природните убавини на РСМ<br>Вкупно часови : 4 |
| **Знаења/вештини**<br>*Ги наведува начините за еко-заштита на природните убавини |

<table>
<tr><td colspan="2">*Сфаќа дека е многу ва/но да се реализираат еко-активности за зачувување на природата<br>*Разбира дека треба да се развие еко-свест кај секој човек<br>*Сфаќа дека е важно да се грижиме за природните убавини на нашата татковина</td></tr>
<tr><td colspan="2">Ставови/вредности<br>*Го осудува неетичкиот однос кон природата, загадување на реките и неконтролиран риболов<br>*Се залага за зачувување на разновидноста на растителниот и животинскиот свет во реките<br>*Поддржува еколошки активности за чистење и пошумување</td></tr>
<tr><td>Содржини(и поими)</td><td>Примери за активности:</td></tr>
<tr><td>*Еко – кодекс за однесување во природа<br><br>2 часа</td><td>* Учениците изработуваат еко-кодекс за тоа како треба да се однесуваме во природа а особено во националните паркови.<br>*Учениците пишуваат еко пораки за подигнување на еко свеста кај секој поединец.</td></tr>
<tr><td>*Еко- акција за чистење на отпад и пошумување<br><br>2 часа</td><td>* Учениците реализираат еко – акција за чистење на отпад на позната локација во Битола а тоа е Тумбе-кафе. Место кое претставува бели дробови на Битола, место каде битолчани често пешачат и го минуваат своето слободно време. Тоа е една природна убавина многу значајна за Битола.<br>*Учениците се информираат од страна на претставници од локална заедница каде би можело да се реализира една благородна акција на пошумување. Учениците според своите способности и можности земаат учество во таа активност.</td></tr>
</table>

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. При тоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс на основа на пол. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога є можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството на активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици,
- Придонесот во изведување на заклучоците,
- Работните листови,
- Практичните изработки,
- Сумативната оценка за слободните изборни предмети претставува описна категорија изразена како:

-**Се истакнува** – се дава кога ученикот е редовен на часовите, посветен на реализацијата на сите активности за време на часовите, видно придонесувајќи за нивна реализација и ги постигнува сите очекувани резултати.

-**Задоволува** – се дава кога ученикот е редовен на часовите, ангажиран е скоро секогаш кога добива задачи и се труди да придонесе за успешна реализација на активностите на часот, но видно не напредува во постигнување на очекуваните резултати.

-**Не задоволува** – се дава кога ученикот не е редовен на часовите (неоправдано отсуствува од повеќе од ¼ од часовите) и/или не ги исполнува повеќето од задачите и/или не се труди да придонесе за успешна реализација на активностите на часот, независно од тоа дали напредува или не.

- Сумативни оценки се даваат на тримесечје и на крајот на полугодието во кое се реализира предметот. Сумативната оценка за тримесечјето е задолжително проследена и со насоки за подобрување кои треба да му помогнат на ученикот да ги постигне очекуваните резултати од учењето за конкретниот предмет.